**ПРЕДЛОГ**

Имајќи ги предвид мислењата, предлозите, препораките и коментарите по Предлогот на законот за здруженија и фондации, изнесени на јавната расправа одржана на 23 февруари 2010 година, од страна на заинтересираните субјекти, а со цел донесување на квалитетна законска регулатива во областа на здружувањето согласно законодавството на Европската унија, Националниот совет за евроинтеграции ги усвои следните

## З А К Л У Ч О Ц И

1. Националниот совет за евроинтеграции го подржува донесувањето на законот за здруженија и фондации кој има за цел да обезбеди полиберално слободно здружување согласно европските практики и регулативи од областа на правото на слободно здружување. Советот оценува дека новата правна рамка треба да обезбеди развој на граѓанскиот сектор во Република Македонија, преку вклучување на повеќе категории на заинтересирани субјекти.

2. Имајќи го предвид Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година, во Одделот 2. Политички критериуми - Човекови права и заштита на малцинствата-Граѓански и политички права, како и мислењата, предлозите, препораките и коментарите изнесени во текот на јавната расправа, Националниот совет за евроинтеграции укажува на потребата за остварување на позначаен дијалог на Владата со граѓанското општество, постигнување на поголем напредок во спроведувањето на Стратегијата и на Акцискиот план на Владата на Република Македонија за соработка со граѓанскиот сектор (2007-2011 година), соодветно финансирање на граѓанските организации од страна на државата заради нивна одржливост, како и воспоставување на системски механизам за вклучување на граѓанските организации во процесите на креирање на политиките, изготвувањето на предлог законите и стратешките документи.

3. Имајќи предвид дека развојот на граѓанскиот сектор е од исклучително значење за развојот на демократијата и демократското општество, а особено имајќи ја важноста на улогата и учеството на граѓанските организации во процесот на интеграција на Република Македонија во Европската унија, Советот повикува на континуирано унапредување на комуникацијата и соработката меѓу Владата, ресорните министерства и граѓанскиот сектор, што е согласно главната цел на Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со граѓанскиот сектор (2007-2011 година).

Во оваа насока Советот укажува и на потребата за преземање на мерки за развој на граѓанскиот сектор и во руралните средини.

4. Заради целосно и навремено спроведување на Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со граѓанскиот сектор (2007-2011 година) Советот укажува на потребата за обезбедување на соодветни финансиски средства од буџетот на Република Македонија или од достапните средства од Инструментот за претпристапна помош -ИПА.

5. Со цел да се обезбеди поголемо влијание и проактивност во дејствувањето на Одделението за соработка со невладините организации при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Советот препорачува да се разгледа можноста за формирање на посебен сектор за соработка со невладините организации.

6. Националниот совет за евроинтеграции оценува дека предлозите, забелешките, препораките и коментарите по Предлогот на законот за здруженија и фондации изнесени на јавната расправа, треба да бидат земени предвид од страна на Владата на Република Македонија, Министерството за правда, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија.

7. Овие заклучоци заедно со стенографските белешки од јавната расправа да се достават до Владата на Република Македонија, Министерството за правда, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија. Заклучоците од јавната расправа да се достават и до претседателот на Собранието на Република Македонија.

8. Заклучоците, заедно со стенографските белешки од јавната расправа да се објават на интернет страницата на Националниот совет за евроинтеграции на Собранието на Република Македонија, за да бидат достапни до стручната и пошироката јавност.